Почитувани,

Задоволство ми е да го презентирам збирниот извештај за извршените ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност на единиците на локалната самоуправа од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година.

Овој извештај е резултат на склучениот Меморандум за соработка помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија во 2022 година, во насока на обезбедување на постојана размена на податоци и информации поврзани со ревизорските извештаи, а со цел зајакнување на ефикасноста и транспарентноста на јавниот финансиски надзор.

Во извештајот збирно се презентирани резултатите од извршените ревизии на 54 финансиски извештаи за 2022 година кои се однесуваат на 8 единици на локалната самоуправа. Извештајот обезбедува информации за утврдени состојби, дадени препораки за нивно надминување, истакнува прашања од неизвесност и континуитет во работењето на ревидираните субјекти и ја обелоденува потребата од измени во законската регулатива.

Државниот завод за ревизија навремено и објективно ја информира јавноста за важните случувања во работењето на државните органи и другите корисници на јавни средства, советува како треба да го подобрат своето работење, ја поттикнува промената во начинот на кој се користат јавните средства и придонесува за зголемување на општото добро за сите граѓани.

Сосема е сигурно, кога се соочуваме со предизвици, уште поважно е да се даде приоритет и да се инвестира во системи и процеси за да се заштити интегритетот на субјектите, користењето на јавните средства и да се промовира веродостојно и транспарентно известување.

Со почит,

Главен државен ревизор

м-р Максим Ацевски